08 Март, 2021

СЕКТОР ЗА МАРКЕТИНГ И КВАЛИТЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

АРХИВСКИ БРОЈ: 34-291/2021

Врз основа на членот 16-ј став 1 од Законот за квалитет на земјоделските производи (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

РЕШЕНИЕ

за овластување на лабораторија за вршење на анализа и суперанализа на квалитетот на брашното

Се овластува правното лице ДПТУ ФУД-ЛАБ ДОО Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 130 Скопје, да врши анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашното.

Образложение

Правното лице ДПТУ ФУД-ЛАБ ДОО Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 130 Скопје, поднесе барање бр. 34-291/2021 од 18.02.2021 година, согласно член 16-ј став 1 од Законот за квалитетот на земјоделските производи (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16) и со кое се бара издавање на решение за овластување на лабораторија за анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашното.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, го разгледа доставеното барање и придружна документација, а согласно член 16-ј став 2 од Законот за квалитетот на земјоделските производи, по службена должност од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија беше обезбеден документ бр. 39-294/2 од 05.03.2021 година за бројот, квалификациите и степенот на образование на вработените кај барателот. Во прилог на барањето, барателот достави документи за шематски приказ на просториите и листа на опрема, како и Прилог кон сертификат за акредитација бр. ЛТ-076 од 03.02.2021 година во кој се дадени акредитираните методи на лабораторијата.

По детална проверка на целокупната документација се утврди дека барателот ги исполнува пропишаните услови утврдени во член 16-и од Законот за квалитетот на земјоделските производи.

Упатство за правно средство:

Против ова решение, незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Доставено до:

- Барателот
- Архива на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- ЈП Службен весник на РСМ

Овл. Раководител за маркетинг и квалитет на земјоделски производи

Јане Новачков

Изработил: м-р Игор Деспотовски
Контролирал/Согласен: Јане Новачков

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015